Напишано од Оливер Арсовски
Недела, 05 Април 2020 17:22 - Последно освежено Недела, 05 Април 2020 18:22

Според последните информации денеска има 72 новозаболени пациенти со коронавирусот. Вкупниот број на заразени изнесува 555, информираат од Минстерството за здравство.

И додека, Куманово овој викенд живее под целосен карантин, Кочани сосема идентично како Куманово побара од Владата градот да биде ставен во целосна изолација, сепак постојат градови во земјава, каде што нема регистрирани пациенти со новиот коронавирус.

На број се десеттина, а станува збор за: Кратово, Пробиштип, Неготино, Дојран, Свети Николе, Кичево, Берово, Виница, Делчево, Пехчево.



ÂÂÂ